**Центарот за современи уметности (ЦСУ) – Скопје објавува**

**ПОВИК**

до сите уметници, ликовни критичари и куратори за поднесување предлог-проекти/изложби што ќе бидат реализирани до крајот на октомври 2026 година, во

**Мобилната / Монтажна галерија**

(локација: Парк на Франкофонија)

**Краен рок за пријавување: 10 април 2026 година**

Центарот за современи уметности – Скопје овозможува финансиска поддршка за уметничка продукција во Мобилната / Монтажна галерија, како простор за слободно изразување и делување на уметници, креативни групи, активисти, граѓански организации и креативни граѓански иницијативи.

Повикот се однесува на изложби/проекти на визуелни уметници, со финансиска поддршка во бруто-износ до 35.000,00 денари.

- Проектите можат да бидат самостојни, групни или мултимедијални, предложени од уметници, куратори или уметнички групи, и треба да бидат целосно реализирани до крајот на октомври 2026 година.
- Први самостојни изложби на млади уметници (дипломски и магистерски трудови нема да бидат прифатени).
- Нема ограничувања во изборот на медиум.
- Проектите што нема да бидат финансиски поддржани, доколку комисијата смета дека е соодветно и авторите се согласни, можат да добијат просторна и логистичко-техничка поддршка за реализација во Галеријата (без надомест).
- Пристигнатите проекти ќе бидат селектирани од жири-комисија на Центарот.
- Пријавата за овој повик може да се преземе од веб-страницата: www.cac.org.mk

**Напомена:** Доколку изложбата/проектот е финансиски поддржан од Министерството за култура и туризам на РСМ за 2026 година, истиот нема да биде дополнително финансиски поддржан од ЦСУ – Скопје.

Пријавата, заедно со дополнителни визуелни материјали за проектот и кратка биографија, доставете ја на e-mail: scca@scca.org.mk; anita@scca.org.mk

За дополнителни информации можете да се обратите во канцеларијата на Центарот (од 11:00 до 14:00 часот) на адреса: ул. Михаил Цоков бр. 1а, 1000 Скопје; или на телефон: 078 346 804

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Culture for Development project implemented by:

HEARTEFACT

Оваа активност е поддржана во рамки на проектот „Култура за развој“ на Владата на Швајцарија, кој се имплементира од Хартефакт Фонд. Содржината на овој повик е одговорност на Центарот за современи уметности – Скопје и не мора нужно да ги одразува ставовите на Владата на Швајцарија и Хартефакт Фонд. Изложбите/Проектите кои се реализираат во „Мобилна / Монтажна галерија“ се финансиски поддржани од Министерството за култура и туризам на РСМ и Општина Центар.